# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 4/2023 31.03.2023 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.22/2023 одржана на ден 30.03.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Заклучок по Извештај за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2022 година бр.26-372/3,
2. Заклучок по Финансиски извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2022 година бр.26-372/4,
3. Заклучок по Одлука за утврдување на цена за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад во населени места на територијата на Општина Пробиштип-с.Плешенци, с.Д.Стубол, с.Г.Стубол, с.Турско Рудари, с.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци бр.26-372/5,
4. Одлука за давање согласност на Одлука за продажба на основно средство-специјално моторно возило за метење на улици и асфалтни површини бр.26-372/6,
5. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2022 година бр.26-372/7,
6. Заклучок по Финансиски извештај на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2022 година бр.26-372/8,
7. Одлука за усвојување на Финансиски извештај на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2022 година бр.26-372/9,
8. Одлука за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ Никола Карев за 2023 година бр.26-372/10,
9. Одлука за усвојување на Финансиски извештај на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2022 година бр.26-372/11,

10. Мислење на програма за еднодневен проелтен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за учебната 2022/2023 бр.26-372/12-1,
11. Мислење на Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година, бр.26-372/12-2,
12. Мислење на Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година, бр.26-372/12-3,
13. Мислење на Програмата за дводневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година, бр.26-372/12-4,
14. Финансиски извештај на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2022 година бр.26-372/13,
15. Решение за разрешување на член во УО на СОУ Наум Наумовски Борче бр.26-372/14,
16. Заклучок за неусвојување на Финансиски извештај на ЈОУГД Гоце Делчев Пробиштип за 2022 година бр.26-372/15,
17. Годишна сметка на Буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година со финансиски извештај бр.26-372/16,
18. Одлука за усвојување на процена за загрозеноста на безбедноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите видови на ризици и опасности бр.26-372/17,
19. Одлука за утврдување на вредност на бод за 2023 година за вработените во Општина Пробиштип како помошно технички лица и вработените во ТППЕ Пробиштип бр.26-372/18,
20. Одлука за утврдување приоритет на проект „Реконструкција на дел од улица 3-ти Април во Пробиштип„ бр.26-372/19,
21. Одлука за утврдување на приоритет на проект „Реконструкција на дел од улица ХТ Карпош во Пробиштип„ бр.26-372/20,
22. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробишти и Општина Кратово бр.26-372/21,
23. Одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад бр.26-372/22,
24. Одлука за обезбедени средства средства за потполна експропријација од Буџетот на Општина Пробиштип бр.26-372/23,
25. Програма за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2023 година бр.26-372/24,

26. Одлука за изменување на одлука за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година бр.26-372/25,
27. Заклучок по барање од Младински центар-Здружение за млади Грит за организирање на Велигденски денски денс бр.26-372/26,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-372/28
31.03.2023 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, расправајќи по Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2022 година бр.01-106/1 од 22.02.2023 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. Не се дава согласност на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2022 година бр.01-106/1 од 22.02.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-372/3
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 31.12.2022 година бр.05-98/1 од 22.02.2023 година, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

1. Не се дава согласност на Финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 31.12.2022 година бр.05-98/1 од 22.02.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-372/4 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 5 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, расправајќи по Одлуката за утврдување на цената за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад во населени места на територијата на Општина пробиштип-с.Плешенци, с.Долни Стубол, с.Турско Рудари, с.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци, од ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2022 година бр.02-133/1 од 2.03.2023 година, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

1. Не се дава согласност на Одлуката за утврдување на цената за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад во населени места на територијата на Општина пробиштип-с.Плешенци, с.Долни Стубол, с.Турско Рудари, с.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци, од ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2022 година бр.02-133/1 од 2.03.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-372/5 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 а во врска со точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) Советот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Одлуката на ЈКП Никола Карев Пробиштип за продажба на основно средство-специјално моторно возило за метење на улици и асфалтни површини**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за продажба на основно средство-специјално моторно возило за метење на улици и асфалтни површини бр. 02-134/1 од 02.03.2023 година донесена од Управниот одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/6 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, разгледувајќи го Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2022 година, бр.01-34/1 од 21.02.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2022 година бр.01-34/1 од 21.02.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2022 година бр.01-34/1 од 21.02.2023 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-372/7 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ Пробиштип за 2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. Не се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787, 603 и 603-општинска, на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2022 година .

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-372/8 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903 и 787 на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2022 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2022 година на сметката 903 бр.05-72/1 од 21.02.2023 година и на сметката 787 бр. 05-73/1 од 21.02.2023 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-372/9 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Изменување на годишен план за вработување на ООУ Никола Карев од Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се дава согласност на Изменувањето на годишниот план за вработување на ООУ Никола Карев од Пробиштип за 2023 година бр. 04-88/1 од 28.02.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ Никола Карев од Пробиштип за 2023 година бр. 04-88/1 од 28.02.2023 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-372/10 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Браќа Миладиновци" од Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 785 на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за 2022 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Младиновци“ од Пробиштип за 2022 година на сметката 903 бр.05-116/1 од 28.02.2023 година, на сметката 787 бр. 05-117/1 од 28.02.2023 година и на сметката 785 бр. 05-118/1 од 28.02.2023 година

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-372/11 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, расправајќи по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип во учебната 2022/2023 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**

**на Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-48/1 од 27.01.2023 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-48/1 од 27.01.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/12-1 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, расправајќи по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**

**на Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-49/1 од 27.01.2023 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-49/1 од 27.01.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/12-2 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, расправајќи по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

1. Се дава позитивно мислење Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-50/1 од 27.01.2023година,

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци “ Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-50/1 од 27.01.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/12-3 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, расправајки по Програмата за организирање и изведување на ученички екскурзии во ООУ „Браќа Миладиновци " Пробиштип за учебната 2022/2023 година година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**

**Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци " Пробиштип за учебната 2022/2023 година**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци " Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-51/1 од 27.01.2023 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение во ООУ „Браќа Миладиновци " Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр. 01-51/1 од 27.01.2023 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/12-4 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на СОУ „Наум Наумовски Борче" Пробиштип за 2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Финансиски извештај СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 785 на СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за 2022 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за 2022 година на сметката 903 бр.05-89/1 од 22.02.2023 година, на сметката 787 бр.05-90/1 од 22.02.2023 година и на сметката 785 бр. 05-120/1 од 15.03.2023 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-372/13 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), а во врска со член 88 став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, по барање бр. 26-248/1 од 22.02.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на член од Училишниот Одбор на СОУ„Наум Наумовски Борче„ од Пробиштип**

1. Од Училишниот Одбор на Средното општинско училиште „Наум Наумовски Борче„ од Пробиштип како претставник од основачот-Општина Пробиштип се разрешуваат Снежана Петрушев од Пробиштип, на нејзино лично барање.

2. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-372/14 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ЈОУДГ „Гоце Делчев “ од Пробиштип за 2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. Не се усвојува Финансискиот извештај на сметките 787 и 903, на Јавната општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2022 година .

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-372/15
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/2002) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Пробиштип на седница одржана на 30.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година и финансиски извештаи**

**Член 1**

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2022 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **I Вкупни приходи** | **333.874.407** | **316.478.219** |
| - Даночни приходи | 47.939.339 | 58.876.631 |
| - Неданочни приходи | 17.680.000 | 8.423.904 |
| - Капитални приходи | 44.806.387 | 25.071.413 |
| - Дотации | 165.947.906 | 164.304.297 |
| - Трансфери | 52.390.405 | 52.282.676 |
| - Донации | 5.110.370 | 7.519.298 |
| **II Вкупни расходи** | **362.479.869** | **318.267.984** |
| - утврдени намени | 362.379.869 | 318.222.984 |
| - резерви | 100.000 | 45.000 |
| **III (Дефицит) - Суфицит** | **-28.605.462** | **-1.789.765** |
| **Финансирање** | **28.605.462** | **1.789.765** |
| | | |
| **Прилив** | **31.428.836** | **4.613.139** |
| - Приливи од домашни заеми | 0 | 0 |
| - Депозити | 31.428.836 | 4.613.139 |
| | | |
| **Одлив** | **2.823.374** | **2.823.374** |
| - Отплата на главнина | 2.823.374 | 2.823.374 |

**Член 2**

Разликата меѓу приходите и расходите е на износ од 4.613.139, додека отплатата на заемот претставува одливот на средства на износ од 2.823.374 денари.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2022 година се искажани планираните и извршените расходи по сметки и по ставки .

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Пробиштип".

Број 26-372/16 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 14, став 1 од Уредбата за методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности („Службен весник на РМ" бр. 13/2011), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Процената на загрозеноста на безбедноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности**

Член 1

Со Одлуката усвојува Процената за загрозеноста на безбедноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности.

Член 2

Оваа Одлука да се достави до Подрачното одделение Регионален центар за управување со кризи Пробиштип.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе со објави во „Службен Гласник на општина Пробиштип".

Број 26-372/17 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година , донесе:

## О Д Л У К А
## за утврдување на вредност на бодот
## за пресметување на платите на вработените во Општина Пробиштип
## согласно Законот за работни односи

**Член 1**

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во општина Пробиштип согласно Законот за работни односи и тоа помошно техничките лица и овластени лица од областа на безбедноста-вработени во ТППЕ Пробиштип.

Вредноста на бодот за пресметување на платите за 2023 година изнесува **81,6 денари**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип ", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2023 година.

Број 26-372/18
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за утврдување на приоритет на проектот
## „ Реконструкција на дел од улица 3-ти Април во Пробиштип„

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип утврдува приоритет на проектот „Реконструкција на дел од улица 3-ти Април во Пробиштип„ за реализација на истиот со користење на средства од Светска банка од Проект за поврзување на локални патишта преку Министерство за транспорт и врски.

Член 2

Согласност техничката документација вкупната вредност на проектот изнесува 15.959.499 денари без вклучено ДДВ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„

Број 26-372/19 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет на проектот**
**„ Реконструкција на дел од улица Христијан Тодоровски Карпош во Пробиштип„**

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип утврдува приоритет на проектот „ Реконструкција на дел од улица Христијан Тодоровски Карпош во Пробиштип„ за реализација на истиот со користење на средства од Светска банка од Проект за поврзување на локални патишта преку Министерство за транспорт и врски.

Член 2

Согласност техничката документација вкупната вредност на проектот изнесува 7 256 466 денари без вклучен ДДВ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„

Број 26-372/20 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 21 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен Гласник на Општина Пробиштип“ бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општината Пробиштип, на седницата одржана на 30.03.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кратово**

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка Општина Пробиштип и Општина Кратово за вршење на работи во рамки на проектот „Подобрување на социјални услуги" и давање на социјална услуга - Помош и нега во домот финансиран од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија.

Член 2

Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на договор за мегуопштинска соработка..

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/21
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 а во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 32/2019) и член 3 став 2 а во врска со член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Општина Пробиштип да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад заради продажба на движните ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост, или технолошка застареност не ги кориси Општина Пробиштип или правните лица основани од општината, не можат да се продадат или разменат.

Член 2

Предмет на продажба е подвижна ствар-цистерна за нафта која се користела за потребите на ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип, објектот Срничка ставена вон употреба и расходинара со Одлуката за расходирање на подижни ствари и ставање вон употреба бр. 02-83/1 од 21.04.2021 година донесена од Управниот одбор на Јавната општинска установа Детска градинка Гоце Делчев од Пробиштип и дадена согласност на истата со Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈОУДГ Гоце Делчев од Пробиштип за расходирање на подижни ствари и ставање вон употреба бр. 26-468/17 од 29.04.2021 година донесена од Советот на Општина Пробиштип и објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2021.

Член 3

На расходираната подвижна ствар-цистерна за нафта која е предмет на продажба е извршена проценка од стана на овластен проценувач на машини и опрема Друштво за производство, промет и консалтинг Визија-Т дооел Скопје Подружница Кратово Пр.бр. 029-И/2023 од 17.03.2023 година и почетната вредност за метал изнесува:

-15,00 денари за 1 кг отпадно железо,

Член 4

Средствата остварени од продажбата се приход на Буџетот на Општина Пробиштип, и истите ќе се искориста за инвестирање во нови или реконструкција на постојните објекти, машини и опрема од областа на надлежностите кои ги врши општината.

Член 5

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Весник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/22<br>30.03.2023 година<br>Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип<br>Претседавач,<br>Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 30.03.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште во сопственост на физички лица, за изградба на улица Марко Цепенков во Пробиштип, предвидена со Геодетски елаборат за посебни намени (за

експропријација) деловоден.бр. 259/22-4 од 20.03.2023 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео-Сигма Груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2023 година од контото:

485420-Надомест за одземен имот во износ од 600.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-372/23 Совет на Општина Пробиштип
30.03.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип ( Сл. Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/14, 29/15 и 23/19) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, Градоначалникот на општина Пробиштип, му предлага на Советот да ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програма за Одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2023 година**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/23 од 24.11.2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 12/2022 година.

Се врши изменување и дополлнување и тоа:

Во табеларниот преглед точката 30, Други потребни работи за потреби на општина Пробиштип, износот 108.000,00 денари се менува и ќе стои 78.000,00 денари.

Точката 31, Презентација на Општина Пробиштип, износот 240.000,00 денари се менува и ќе стои 170.000,00 денари.

Се додава нова точка 32, која гласи: Поддршка на музички проект „Седна баба да вечера“ обработка на стара хумористична песна, со износ „70.000,00 денари” .

Се додава нова точка 33 која гласи: Подршка на Велигденски настан „Велигденски денски денс на Спомен парк” со износ од „30.000,00 денари”.

Со оваа измена вкупниот износ од 4.187.025,00 денари не се менува и останува ист.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2023 година, влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-372/24
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник наРепублика Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр, 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15, 209/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службнеици (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите од Грански колективниот договор органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранитето на Република Северна Македонија (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.51/2020 и 172/21) и член 94 од Статутот на општина Пробиштип (“Службен гласник на општина Пробиштип” бр. 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### За изменување и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2023 година

**Член 1**

Со оваа одлука се ври изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1148/12 од 16.12.2022 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.13/2022) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Пробиштип бр, 26-177/7 од 15.02.2023 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.2/2023) и тоа:

Во членот 9 став 1 алинеа 1 се менува и гласи: „ Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон а основицата на која се пресметува е исто така утврдена со закон”.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/25
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002) разгледувајки го барањето од Здружение на граѓани Грит-Младински центар Пробиштип бр. 26-396/1 од 28.03.2023 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.03.2023 година го донесе донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**по барање од Здружение на граѓани Грит-Младински центар Пробиштип**

1. Барањето од Здружение на граѓани Грит-Младински центар Пробиштип бр, 26-396/1 од 28.03.2023 година се разгледа и се одобрува:

- Користење на просторот на спомен паркот Братство-единство во Пробиштип за одранизирање на манифестацијата Велигденски Денски Денс на ден 16.04.2023 година, без надоместок,
- Финансиска подршка од Буџетот на Општина Пробиштип во зинос од 30.000.00 денари ,
- Институционална подршка од ЈКП Никола Карев за поставување на садови за отпад.

2. Се задолжува организаторот да ги преземе сите мерки согласно законот за јавните собири.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-372/26
30.03.2023 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседавач,
Борче Миланов с.р.